# ВОДИЧ ЗА ИКТ НА МЕТАМОРФОЗИС

Бр. 9



# 1. КАКО ДА ГО ПРЕПОЗНААМ?

Говорот на омраза е пристрасен, непријателски, злонамерен говор насочен кон еден човек или група луѓе поради некои карактеристики кои ги имаат или кои им се припишуваат дека ги имаат.

Говорот на омраза претставува дискриминирачко, заканувачко, антагонистичко однесување кое многу често се потпира на предрасуди кон луѓето поради нивниот пол, сексуална ориентација, раса, религија, етничка припадност, боја на кожата, националното потекло, некој вид на попреченост (ментална, интелектуална или физичка).

Говорот на омраза има намера да повреди, да го претстави некого како помалку човек од другите, да вознемири, да понижи, омаловажи, деградира и да поттикне нечувствителност и бруталност кон одредени групи луѓе поради нивните карактеристики.

ОМРАЗАТА МОЖЕ ДА СЕ ЗБОРУВА, ЦРТА, ПЕЕ, ПИШУВА, ...

# 2. МОИТЕ ПРАВА = ТВОИТЕ ПРАВА = НЕГОВИТЕ/НЕЈЗИНИТЕ ПРАВА

**ИМАМ ПРАВО ДА:**

- Давам и добивам информации
- Да учествувам и влијаам
- Да контролирам
- Да барам
- Да оспорувам
- Да се спротивставувам
- Да бидам различен/различна
- ...

**И СИТЕ ДРУГИ ГИ ИМААТ ИСТИТЕ ПРАВА**

Имам право да решавам што ми се допаѓа, а што не, со што се согласувам, а со што не, кого го поддржувам, а кого не. Имам право да бидам заедно со оние кои имаат слични интереси и потреби и желби како моите.

И СИТЕ ДРУГИ ГИ ИМААТ ИСТИТЕ ПРАВА

Границa на моите права се правата на другите. Може да не ми се допаѓаат, да не ги одобрувам, може да ми се смешни или непријатни, но тоа не значи дека имаат помалку права или дека смеам да им ги ограничам правата.

Да се сака сопствената држава не подразбира дека треба да се мразат сите оние кои се од друга држава... Љубовта кон својата етничка група не се покажува со мразење на другите етнички групи. Почитувањето на сопствената религија не се постигнува со омраза кон сите останати. Кога сакам да го поддржам мојот клуб, како го правам тоа – зарем со извикување на насилни пораки?

Немам право на:

- Насилство и повикување на насилство
- Нарушување на достоинството
- Заплашување
- Ограничување на правата и слободите на другите
- Отежнување на практикувањето на правата и слободите
- Создавање неповолно опкружување за практикување на правата и слободите

# 3. ЗАРЕМ ЗАБРАНАТА НЕ МИ ЈА ОГРАНИЧУВА СЛОБОДАТА?

ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ГО ОГРАНИЧУВА ПРАВОТО/СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ

**ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ГИ СПРЕЧУВА ЛУЃЕТО:**

1. Да даваат и добиваат информации врз основа на кои ќе го направат сопствениот избор
   Кога некој е изложен на закани, подбив, омаловажување, тој нема да сака да споделува размислувања, информации, видувања. Ќе замолчи.
2. Да учествуваат и влијаат во процесите на одлучување
   Кога некој се плаши да каже што мисли, да праша, да се спротивстави, тој не може да учествува во процесот на одлучување.
3. Да ја контролираат власта
   Кога некој е нападнат затоа што е различен, затоа што не се согласува со одлуките на власта, затоа што има поинакво мислење од она на власта, тој не може да ги преиспитува одлуките на власта и да дава оцени за нив.

**ГОВОРОТ НА ОМРАЗА Е ЗЛОУПОТРЕБА НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ ШТО СЕ СОСТОИ ВО ПОВРЕДА НА ПРАВАТА НА ДРУГИТЕ ИЛИ ГО ОТЕЖНУВА ПРАКТИКУВАЊЕТО НА ПРАВАТА НА ДРУГИТЕ**

4. Да бараат (права, информации, одговорност, ...)
   Кога некој се плаши, се чувствува загрозен, затоа што е поинаков или поинаку гледа на работите, тој нема да се охрабри да бара информации, да ги бара своите права или да бара нечија одговорност.

5. Да бидат различни
   Кога некој е исмеван поради своите карактеристики, поради својата различност, поради искажаното поинакво мислење, тој ќе проба да биде ист и да ги негира разликите или ќе ги прикрива разликите.

   ...

Она што претставува вистински животен предизвик е да најдеме начин да ја живееме различноста без тоа да ни штети нам или на другите околу нас. Убаво е да си кажеме што мислиме и како се чувствуваме, и што ни се допаѓа, а што не. Меѓутоа, таа слобода треба да им ја овозможиме и на другите. И кога не ни се допаѓа, и кога не се согласуваме со нив и кога мислиме дека многу грешат. Затоа што таму некаде има некој на кој не му се допаѓам јас и кој мисли дека многу грешам и кој воопшто не се согласува со мене.

# 4. КАКО СЕ ПРЕНЕСУВА?

Примери на говор на омраза од интернет.
Може да ги погледнете во целост на **http://nemrazi.mk/primeri.**

### ИНТЕРНЕТ СТРАНИ

„Ако се сметате себе си за неверници, за атеисти, ако сметате дека треба да живеете во разврат, да немате пород, ТОГАШ СЛОБОДНО АБОРТУСОТ НЕКА ВИ СТАНЕ СЕКОЈДНЕВИЕ !!!! Убиство на бебе е престап против Божественото и човеково право, против идејата за семејство и брак, против семето на човечката природа, против сопствениот народ и целото човештво. Убиство на децата е концентрација на егоизам, суровост, кукавичлук и лицемерие."

### СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ

„Brat brisis go ovoj sto ne vrega , inace cengiz nie ne mozeme da bideme dobor so nekoj koj sto ne e nasa vera ,krv , nacionanalsnost, nema da bidam dobar vo moja drzava , zasto ovaa drzava e moja i kako sakam ke gi tretiram , zasto koga ke napravam razlika megu makedonec nas koj sto lici na covek i nekoj nivni izrod napraven so incest smrdi na jagnesko ne mozam da se pomiram dali toa ti e jasno"

### БЛОГОВИ

„Се работи за странски платеници што би си ја продале сопствената мајка, дете и држава за зелени долари. То се ПЛАТЕНИЦИ. Шљам на секое општество. Чирови и гноеви на една држава. Шлаем на еден народ. Шлаемот се исплукува со р'кање, гнојот се стиска и исфрла, чирот се отстранува хируршки. Со скалпел, со оштро сечиво."

### ИГРИ

GAMBIT HateSpeech PROJECT



Примери на говор на омраза од интернет.
Може да ги погледнете во целост на **http://nemrazi.mk/primeri.**

**ФОРУМИ**

„Педериве земаа доста замав во државава почнаа дури и со соопштенија да излегуваат, што мислите вие за оваа појава во државава? Навивачкиот став низ светот е добро познат за ова прашање. treba ova tema ozbilno da se zemi bez zaebancii, da ne dozvolime ovie bolestni lugje da ni setat po ulici”

**ПЕСНИ**


„ЧИСТА МАКЕДОНИЈА - шиптари од каде дојдовте”

**ПОЛИТИЧКИ НАСТАПИ**


„За мене тоа е болест.”

Најлесно е да се зборува омразата кога си анонимен. Некогаш употребуваме зборови и изрази чија тежина не ја ни разбираме затоа што се „Ин” затоа што звучат интересно, затоа што другите се смеат кога ќе ги употребиме.

Меѓутоа, големата слобода која ни ја дава интернетот значи и голема одговорност. Тоа е место каде што може да кажеме што мислиме без да се плашиме дека некој ќе нè исмее, да бидеме она што сме или што посакуваме да сме. И сакаме, тој простор да остане таков. Отворен и сигурен за сите. Ако некој започне да говори омраза и со тоа го направи интернет-просторот непријатен за некои луѓе, само прашање на време е кога ќе се јават оние кои ќе го направат овој простор непријатен и за него самиот.

# 5. КОЈ МОЖЕ ДА СЕ НАЈДЕ НА УДАР НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА?

Секој може да се најде на удар на говорот на омраза, меѓутоа некои луѓе почесто се цел на говорот на омраза, некои луѓе е полесно да бидат цел на говорот на омраза.

Луѓето кои припаѓаат на ранливите групи многу почесто, полесно и поинтензивно се мета на говорот на омраза.

**Ранливи групи: луѓе на кои поради некои нивни карактеристики полесно можеш да им ги прекршиш правата без да трпиш последици поради тоа, без да бидеш обвинет од околината и без да се чувствуваш виновен**

*Ако живеам во средина во која мнозинството се припадници на православната вера, никој нема да ме укори ако ги наречам муслиманите со погрдни имиња.*

*Ако се дружам со припадници на една политичка партија, сите ќе ме поддржат кога ќе ги навредам припадниците на спротивставената партија.*



*Никој нема да ми замери ако зависниците од психотропни супстанции ги наречам - наркоманишта, припадниците на нехетеросексуалните малцинства - сидаши, а противниците на абортусот – убијци.*

Говорот на омраза може да биде насочен против мене:

- кога припаѓам на некоја група која е изложена на говор на омраза,
- кога луѓето мислат дека припаѓам на група која е изложена на говор на омраза,
- кога поддржувам група која е изложена на говор на омраза,
- кога луѓето мислат дека поддржувам група која е изложена на говор на омраза,
- кога се дружам со некој кој припаѓа на група која е изложена на говор на омраза
- кога не се придружувам кон оние кои шират говор на омраза
- кога се спротивставувам на оние кои шират говор на омраза
- ...

# 6. КОГА ГОВОРАМ ОМРАЗА МОЖАМ ДА ОЧЕКУВАМ ОДГОВОР КОЈ Е ОМРАЗА

Знаеме како изгледа кога некој ќе не навреди, повреди, омаловажи, исмее, понижи.

Кога некој е исмеан, навреден, повреден поради нешто што го кажал, во иднина нема да каже што мисли, нема да проба да учествува, нема да влијае.

Кога некој е исмеан, навреден, повреден поради нешто што го кажал, ќе мрази и ќе сака да врати. Ќе сака да навреди, повреди, омаловажи, исмее, понижи.



#немрази

## 7. МОЛЧЕЊЕТО Е УЧЕСТВО

Кога ќе биде употребен говор на омраза, молчењето претставува согласување со тој кој говори омраза, молчењето станува поддршка на кажаното. Често молчиме заради тоа што тоа е поедноставно и полесно. Некогаш молчиме затоа што се плашиме. Меѓутоа, доколку мислиме дека она што се кажува не е во ред, а го одбереме молчењето, всушност стануваме дел од ширењето на говорот на омраза. Говорењето на омраза станува нормално и прифатливо, и станува дел од секојдневниот начин на постапување.

Само активното спротивставување претставува неодобрување. Само активното спротивставување може да спречи ширење на омразата и да ги заштити оние кои се на удар на омразата.

**ТРЕБА ДА РЕАГИРАМ**

Секогаш треба да се спротивставам на говорот на омраза кога сум изложен на истиот, или кога некој друг е изложен на истиот. Не морам сам да се спротивставам на говорот на омраза. Можам да побарам помош, и совет, и поддршка и треба да дадам совет, помош и поддршка. Важно е да покажам дека не се согласувам, дека не ми е убаво, дека не мислам дека е смешно, дека не го поддржувам. Гласно и јасно.

# 8. РЕАГИРАЈ НА ГОВОР НА ОМРАЗА

Говорот на омраза најмногу вирее кога никој не му се спротивставува. Бидејќи насилниците се често и кукавици, тие често се повлекуваат при прв знак на отпор. Ова се само дел од можностите, за кои може повеќе да прочиташ во делот „Упатства“ на веб-сајтот „Не мрази“ (**nemrazi.mk/category/upatstva**).

Пријавување кривично дело во полиција или Јавно обвинителство. Според Кривичниот законик од РМ, ширењето омраза е кривично дело за кое следува казна од 1 до 10 години затвор. Во МВР тоа може да се пријави и анонимно, во најблиската полициска станица, преку телефонот 192 или до Одделението за компјутерски криминал на по е-пошта на **cybercrime@moi.gov.mk**.

Бришење графити кои шират омраза

На социјалните мрежи Фејсбук и Твитер

- Одговарање на постови или твитови кои шират омраза, со укажување на авторот што всушност прави, како и користење на хаштагот #немрази или #mosurrej.
- Користење на механизмите за пријавување „на копче“ понудени од медиумот.

**На веб, придонесете за разобличување на говорот на омраза и со негово пријавување преку:**

- Сервисот за проверка на факти од медиумите (**proverkanafakti.mk**) преку опцијата „Предложи напис за рецензија“.
- Здружение на новинари на Македонија (**znm.org.mk**) или Советот за етика во медиумите на Македонија.
- Платформата **govornaomraza.mk**.
- Опцијата „Пријави говор на омраза“ на **bezomrazno.mk**.

## nemrazi.mk

**Веб-сајтот nemrazi.mk** собира и презентира информации и образовни содржини поврзани со борбата против говор на омраза. Како дел од иницијативата против говор на омраза на Интернет покрената од Метаморфозис, МОФ, Реактор и Центар за нови медиуми во 2012 г. тој нуди можности за приклучување на младите на заедница активисти од цела Македонија.

Придружете се и преку Фејсбук (fb.me/nemrazi) и Твитер (@nemrazi **и** #немрази, **односно** @mosurrej **и** #mosurrej)

Деветтитот „Водич за ИКТ“ на „Метаморфозис“ е наменет на младите од Македонија, со цел да им се помогне да го препознаат и да се спротивстават на говорот на омраза, на интернет и офлајн.

Ова издание, како и сите досегашни водичи што ги има издадено „Метаморфозис“ се достапни во електронска форма на веб-сајтот на фондацијата, како и на **nemrazi.mk**.

Печатената верзија е бесплатна и за дополнителни примероци може да добиете преку директен контакт.

**Издавач:**
За издавачот: **Бардил Јашари**
Автор: **Мирјана Најчевска**
Лектура: **Марија Станкова**
Лого: **Виолета Коцев**
Графичка обработка: **Кома**

Авторот и фондацијата „Метаморфозис“ се сопственици на авторските права врз текстовите објавени во овој водич.

CC BY NC ND

Во дигитална форма содржините се објавени под лиценцата Криејтив комонс-Наведи извор-Сподели под исти услови 2.5 Македонија
http://creativecommons.org/licenses/by-sa/2.5/mk

Поддржано од FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

МЕТАМОРФОЗИС

„Метаморфозис“ е независна, непартиска и непрофитна фондација со седиште во Скопје, Република Македонија. Мисијата на „Метаморфозис“ е да придонесе за развој на демократијата и подобрување на квалитетот на живеење преку иновативна примена и ширење на знаењето. Нејзини главни вредности се отвореност, еднаквост и слобода.

Адреса за контакт:
**„Метаморфозис“**
ул. „Апостол Гусларот” бр. 40,
1000 Скопје, Македонија
тел/факс: **+389 2 3109 325**
**info@metamorphosis.org.mk**
**www.metamorphosis.org.mk**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

342.727:172.12(036)

НАЈЧЕВСКА, Мирјана
Право на говор не е право на говор на омраза / [автор Мирјана Најчевска]. - Скопје : Фондација Метаморфозис, 2014. - 16 стр. : илустр. ; 16x16 см

ISBN 978-608-4564-46-1

а) Говор на омраза - Граѓанска етика - Јавен морал - Водичи б) Слобода на изразување - Злоупотреба
COBISS.MK-ID 96366858

#немрази
nemrazi.mk

